		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Бихевиористички финансии**			
2.	**Код**	**FIN 330**			
3.	Студиска програма	Финансии			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)	Катедра за финансии на Економски факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година /семестар	Трета година/петти семестар	7.	Број на ЕКТС-кредити	7.5
8.	Наставник	Проф. д-р Кирил Јовановски			
9.	Предуслови за запишување на предметот				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Последните неколку декади, финансиските теории се базираа на теоријата за ефикасни пазари. Притоа, клучната претпоставка на финансиските модели е рационалното однесување на инвеститорите и другите агенти. Меѓутоа, во реалноста оваа претпоставка многу често не се исполнува. Пазарите најчесто се неефикасни. Промени во временската прогноза или престојните годишни одмори може да го променат однесувањето на инвеститорите и да влијаат врз нивните одлуки. Дополнително, секоја инвестициска одлука зависи од претходните. Всушност ние не живееме во вакум. Промените во однесувањето на носителите на инвестициски одлуки привлекуваат внимание кај академијата и кај светот на инвеститорите последните триесет години. Клучното прашање е дали овие отстапувања од рационалното однесување имаат значајно влијание врз проценките на пазарите и инвестициските одлуки. Емпириските тестови покажуваат дека ограничувањата во однесувањето може значајно да влијаат и на класичните модели за вреднување. Основните цели на предметот е да понуди разбирање за разликите на класичната финансиска теорија и бихевиористичките финансии. Поконкретно, предметот е фокусиран на специфичните карактеристики на процесот на донесување на одлуките кои не се целосно ефикасни. Студентите ќе се стекнат со знаења како всушност индивидуалните инвеститори носат одлуки, а ќе добијат и насоки како да го подобрат тој процес за нив и другите. По изучувањето на предметот, студентите ќе може да: • го објаснат концептот на ограничена рационалност, • ги разбираат основните претпоставки и идеи на теоријата на перспективи, • ги знаат теоретските и емпириските основи и предизвици на хипотезите за ефикасни пазари, • ги препознаваат клучните инвеститорски ограничувања на индивидуалните и професионалните инвеститори, • ги знаат клучните аномалии на пазарите од каде произлегуваат и ограничувањата на однесувањето, • објаснат како процесот на ограничувањата во однесувањето, влијаат врз моделите за				

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">вреднување на средствата, и
• објаснат како ограничувањата во однесувањето влијаат врз процесот на носење на одлуки кај корпорациите.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="4">Содржина на предметната програма:
• Прекумерна самодоверба
• Препознавање
• Всидрување и прилагодување
• Достапност
• Приклонување
• Илузија за контролата
• Самоконтрола
• Ментално сметководство
• Разбирање на однесувањето на индивидуалните инвеститори
• Ефектите на бихеиористичките пречки врз конструкцијата на портфолиото
• Аномалии на финансиските пазари</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење:
предавања, интерактивна настава, стдии на случај, квизови, проекти, аудио-визуелни материјали, подржани со LCD и PowerPoint.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">7.5 ЕКТС x 30 часови = 225 часови</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="3">90+30+15+90=225</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td>Предавања - теоретска настава</td><td>90 часови</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа</td><td>0 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td>Проектни задачи</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Самостојни задачи</td><td>15 часови</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>90 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="4">Начин на оценување 60+30+10</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="2">Тестови</td><td>80 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="2">Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)</td><td>10 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td>10 бодиви</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 x до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 x до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">Реализирани активности од точка 15 и 16</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Интерна евалуација и анкета</td></tr>
<tr><td>22.</td><td colspan="4">Литература</td></tr>
</table>

	22.1.	Задолжителна литература				
		Реден број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Lucy Ackert , Richard Deaves	Behavioral Finance: Psychology, Decision-Making, and Markets	Cengage Learning; 1st edition	(September 23, 2009)
		2.				
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Реден број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Edwin Burton	Behavioral Finance	Wiley; 1st edition	(March 8, 2013)
		2.	Meir Statman	Behavioral Finance: The Second Generation	CFA Institute Research Foundation	(December 4, 2019)
		3.	Andrei Shleifer	Inefficient Markets: An Introduction to Behavioral Finance	Oxford University Press; 1st edition	(April 20, 2000